**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”**
**објавува**
**Повик за работна стипендија**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” со поддршка на Канцеларија за ромски иницијативи – Будимпешта, Фондација отворено општество во рамките на Барвалипе-Македонија, подготвителна фаза за подготвување на Програма за лидерство насочена кон дипломирани студенти Роми, објавува повик за работна стипендија.

Работната стипендија има за цел да ги зајакне младите застапувачи со практично искуство - учење преку пракса, при подготовката, за да ги развијат основните работни вештини, водење на состанок, самодисциплина, организација на време, организирање на состаноци, подготовка на покани, водење на записници, остварување на комуникација и контакти со клучни засегнати страни, водење на проектна документација, учество на значајни настани, воспоставување на мрежи и други професионални вештини со фокус на потребите и целите за развивање на една иницијатива.

Работната стипендија обезбедува финансиска поддршка за едно лице, за покривање на патните трошоци и други трошоци поврзани со дневници за времетраење на работната пракса. Концептот на работната стипендија упатува дека таа е комплементарна со моменталното работно место/студии на стипендистите.

Ваквата помош ќе вклучи компонента на менторство од страна на менаџментот на Ромаверзитас и структурите на Барвалипе проектот, како организација во која што ќе се спроведува работната пракса. Силно поттикнуваме апликации на Роми, студенти во сродните области.

Програмата налага ангажман од најмалку два (2) дена неделно и учество во работни состаноци и настани во согласност со концептот на Барвалипе иницијативата. Целта е да се развијат следниве вештини и знаења:

1.Разбирање на битните процесите во подготовка на една иницијатива, начинот за донесување одлуки и консултации;

2.Градење сојузи со различни организации кои работат во секторите и создавање на алијанси за подршка;

3.Подобрени вештини за водење и организирање на состанок, самодисциплина и организација на време, подготовка на документ/формални писма и нивно архивирање (покани, записници, одлуки, архивирање на проектна документација), комуникациски вештини, застапување, и подобро разбирање на контекстот, состојбите и процесите кои што се значајни во подготовката и спроведувањето на иницијативата.

**Потребни квалификации :**
Заинтересираните кандидати треба да ги исполнат следните квалификации:

- Одлична писмена и усна комуникација;
- Редовен студент на додипломски студии, на општествени науки;
- Способност за работа во еден динамичен контекст;
- Креативен начин на размислување и став за актуелните состојби и предизвици на ромската заедница и општеството;
- Силна мотивација и самоиницијативност;
- Познавање на ромскиот јазик и англискиот јазик ќе се сметаат како предност;
- Активен студент кој што се стреми кон учење и постигнување на резултати на индивидуално и колективно ниво.

**Времетраење на активностите :**
15 Февруари – 30 јуни 2018 година

**Износот на стипендијата е 600 УСД**, за целиот период на ангажирање.

**Начин и краен рок на пријавување**
Заинтересираните кандидати треба да ги испратат следните документи

- Кратка биографија (CV);
- Писмо за мотивација (максимум 1 страница).

Сите потреби документи треба да се испратат на следниот емаил **office@romaversitas.org.mk** со назнака „За Работна стипендија за Роми".

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат**, најдоцна до 12 Февруари 2018, до 16 часот.**

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја вршат членовите на Извршниот Одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ на 14 Февруари 2018.

Дополнителни информации за повикот за обучувачи можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје или на тел: 076/225-568, секој работен ден од 10.00 до 18.00 часот или на електронски пат на е-маил адресата: **office@romaversitas.org.mk.**